РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2884/12
18.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од продолжение на 27. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 28.7.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Гордана Мајнова (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** /

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски го отвори продолжението на 27. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 7. јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од продолжение на 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 16.7.2026 година.
3. Усвојување Предлог-записник од 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.7.2026 година.
4. Разгледување на квартални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за период од 1 април до 30 јуни 2026 година.
5. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД Протел ДООЕЛ Пробиштип.
7. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.
8. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Вива нет ДОО Берово, за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

10. Предлог за одобрување финансиски средства за обновување на 4 (четири) кориснички пристапи до електронската база на прописи на „Службен весник на Република Северна Македонија“.

11. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за набавка на услугата – одржување кафемати за потребите на Агенцијата.

12. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за услугата: истражување – анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2026 година.

13. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за услугата: Дигитални сертификати.

14. Разно.

**Точка 7 и 8**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, информираше дека, по извршените консултации во врска со точките 7 и 8 од дневниот ред, предлага Советот да го поништи претходно спроведеното гласање по овие точки и да се овозможи дополнителен рок за постапување по предметите. Тој појасни дека на стручните служби на Агенцијата треба да им се овозможи дополнително време за да ги проверат сопственичките структури на лицата поврзани со предложените промени во сопственичката структура на Наша ТВ и Радио РФМ.

Советничката Зирјета Јајага побара појаснување во однос на максималниот рок за продолжување на постапката, имајќи предвид дека според нејзиното разбирање тој изнесува 90 дена.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека основниот рок за постапување изнесува 30 дена, а истиот може да биде продолжен за дополнителни 30 дена, односно вкупниот рок за постапување може да изнесува најмногу 60 дена.

*<u>Гласање по Точка 7</u>*

Советот на Агенцијата со 4 (четири) гласа „за“ и два воздржани гласа од Зирјета Јајага и Афрона Врзиволи, донесе Заклучок согласно член 41 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го продолжи рокот за одлучување за барањата промена на сопственичката структура на Радиодифузното друштво Наша ТВ ДООЕЛ Скопје утврден во член 41 став 3 за дополнителни 30 дена. Продолжувањето на рокот е неопходно заради целосно утврдување на сите факти и околности релевантни за предметот и обезбедување на сите информации потребни за законито, правилно и објективно постапување во согласност со важечките законски прописи.

Секторот за стратешко планирање и авторски права писмено да го извести радиодифузерот за продолжување на рокот.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата со 4 (четири) гласа „за“ и два воздржани гласа од Зирјета Јајага и Афрона Врзиволи, донесе Заклучок согласно член 41 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го продолжи рокот за одлучување за барањата промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје утврден во член 41 став 3 за дополнителни 30 дена. Продолжувањето на рокот е неопходно заради целосно утврдување на сите факти и околности релевантни за предметот и обезбедување на сите информации потребни за законито, правилно и објективно постапување во согласност со важечките законски прописи.

Секторот за стратешко планирање и авторски права писмено да го извести радиодифузерот за продолжување на рокот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**